Врз основа на член 28 став (9) од Законот за данокот на личен доход („Службен весник на Република Македонија" бр.241/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТАНИОТ ДАНОК НА ДОХОД ПО ОСНОВ НА ВОВЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛЕН СИСТЕМ НА ОПРЕМА, ОДНОСНО ФИСКАЛНА АПАРАТУРА И ИНТЕГРИРАН АВТОМАТСКИ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ

Службен весник на РСМ бр. 12 од 17.01.2020 година

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за издавање на одобрение за намалување на пресметаниот данок на доход по основ на воведување на фискален систем на опрема, односно фискална апаратура и интегриран автоматски систем за управување.

**Член 2**

Барањето за издавање на одобрение за намалување на пресметаниот данок на доход по основ на воведување на фискален систем на опрема, односно фискална апаратура и интегриран автоматски систем за управување, се поднесува на образец „ДЛД-02" изготвен на хартија во бела боја во А-4 формат.
Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на барањето за издавање на одобрение за намалување на пресметаниот данок на доход по основ на воведување на фискален систем на опрема, односно фискална апаратура и интегриран автоматски систем за управување („Службен весник на Република Македонија" бр. 197/17).

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 20-216/1
13 јануари 2020 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Нина Ангеловска,** с. р.

**ПРИЛОГ**

**ДЛД-02**

# БАРАЊЕ
## за одобрение на даночно ослободување по основ на воведување на фискален систем на опрема, односно фискална апаратура и интегриран автоматски систем за управување

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број | |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | |
| Телефон | |
| е-пошта | |

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Датум и број на прием | |

Даночен период

| | | | |
|---|---|---|---|
| од | | до | |
| Рок за поднесување | | | |

**ПОДАТОЦИ ЗА ВОВЕДЕН ФИСКАЛЕН СИСТЕМ НА ОПРЕМА, ОДНОСНО ФИСКАЛНА АПАРАТУРА И ИНТЕГРИРАН АВТОМАТСКИ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ**

| | Број на фискален апарат | Датум на регистрација | Набавна вредност |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| 3 | | | |
| 4 | | | |
| 5 | | | |
| 6 | | | |
| 7 | | | |
| 8 | | | |
| 9 | | | |
| 10 | | | |

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

** Пополнува Управа за јавни приходи*

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

**ДЛД-02**

Барањето “ДЛД-02” се поднесува за даночниот период, во кој одобрениот фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања е набавен и воведен во употреба, пред поднесувањето на образецот “ПДД-ДБ” во кој се остварува правото на намалување на данокот.
Барањето се доставува најдоцна до 20 јануари во годината што следи по годината во која е извршена набавката и воведувањето на одобрениот фискален систем на опрема.
Доколку ова право не биде искористено во целост, истото се пренесува во наредниот период, се до негово целосно искористување.
Доколку набавката и воведувањето на фискалниот систем на опрема (до 10 фискални апарати) се врши во повеќе даночни периоди, за секој нов воведен фискален систем на опрема со поднесување на ново барање.
Барањето “ДЛД-02” даночниот обврзник го доставува до даночната канцеларија на УЈП или во електронска форма преку https://e-pdd.ujp.gov.mk

При пополнување на барањето, податоците внесете ги читливо и целосно, во точно означените полиња.
Не впишувајте ништо во полињата кои ги пополнува Управата за јавни приходи.
Износите се искажуваат во денари, без дени.
Во образецот “ДЛД-02” задолжително се внесуваат податоците за: Единствен даночен број, скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт, телефон, е-пошта и даночен период за кој се поднесува барањето.

**Податоци за воведен фискален систем на опрема, односно фискална апаратура и интегриран автоматски систем за управување**

Доколку обврзникот има ставено во употреба повеќе фискални системи на опрема да се наведат податоците за секој поединечен фискален систем на опрема.

- **Број на фискален апарат** - внесете го бројот на фискалниот апарат наведен во Решението за регистрација на фискален систем на опрема издадено од Управа за јавни приходи.
- **Датум на регистрација** - внесете го датумот на регистрација на фискалниот систем на опрема наведен во Решението издадено од Управа за јавни приходи.
- **Набавна вредност** - внесете го износот на набавениот фискален систем на опрема (набавната вредност намалена за ДДВ, за обврзник регистриран за целите на ДДВ или набавна вредност со вклучен ДДВ за обврзник кој не е регистриран за целите на ДДВ).
  **Напомена**: Доколку фискалниот систем на опрема е купен на рати, и на износот е пресметана камата, во ова поле се внесува набавната вредност намалена за износот на каматата.

При поднесување на барањето задолжително во прилог се поднесува:
- Копија од фактура/и за извршена набавка на фискален систем на опрема и/или
- Друг доказ за извршена набавка на фискален систем на опрема.

**Податоци за составувачот и потписникот**

Кај податоци за составувач се пополнуваат податоци за даночниот обврзник или податоци за друго лице на кое му е дадено полномошно од даночниот обврзник (пр.сметководител).
Кај податоци за потписник се пополнуваат податоци за даночниот обврзник.